# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ

| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ<br>ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | 07.03.2023 ГОДИНА<br>БРОЈ 3 ГОДИНА 2023<br>КРИВОГАШТАНИ | Трезорска сметка на Буџет на општина 739014068163019<br>Народна банка на РМ<br>ЕДБ 4021004146176 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

## ЗАКЛУЧОК
**за прогласување на Годишна програма за дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови на територијата на Општина Кривогаштани за 2023 г.**

1. Се прогласува Годишната програма за дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови на територијата на Општина Кривогаштани за 2023 г. што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 07.03.2023 година.

2. Годишната програма за дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови на територијата на Општина Кривогаштани за 2023 г. ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр. 09-324/2
07.03.2023 година
Кривогаштани

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

---

Врз основа на член 22 став 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/02), член 40 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на РСМ” бр. 32/20) и член 15 став 1 точка 1 од Статутот на Општина Кривогаштани (“Сл.гласник на Општина Кривогаштани” бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 07.03.2023 година донесе

**Годишна програма за дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови на територијата на Општина Кривогаштани за 2023 г.**

Член 1

Се врши дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови на територијата на Општина Кривогаштани за 2023 година бр.08-82/6 од 24.01.2023 година и тоа:

-Во потточка 2.3 Урбанистички проекти се додава

реден број 14 кој гласи:

Урбанистички проект за инфраструктура (во и вон опфат на урбанистички план и планско проектна документација)- за изградба на среднонапонски подземен кабелски вод -10/20kw, (од ТС на КП 1121/1 до приклучна точка А3-столб пред ТС Врбјани), КО Врбјани, општина Кривогаштани(Финансирано од барател),

реден број 15 кој гласи:

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична електрана (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), на КП 1120-ДЕЛ, КП 1121/1, КП 1128, КП 1129, КП 1130, КП 1131, КП 1133/1, КП 1134 и КП 1135, КО Врбјани, Општина Кривогаштани (Финансирано од барател) и

реден број 16 кој гласи:

Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за ГП 5.50 од УП за село Обршани (Блок 1, 2, 3 ,4, 5 и 6) КО Обршани, општина Кривогаштани(Финансирано од барател).

Член 2

Годишната програма за дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови на територијата на Општина Кривогаштани за 2023 година влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,,.

Бр.08-290/3
07.03.2023 година
Кривогаштани

Претседател на Совет
на Општина Кривогаштани
Горан Новакоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Кривогаштани за 2023 година**

1. Се прогласува Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Кривогаштани за 2023 година што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 07.03.2023 година.

2. Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Кривогаштани за 2023 година ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-324/3
07.03.2023 год.
Кривогаштани

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

---

ПРИЛОГ: Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Кривогаштани за 2023 година

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука за отпочнување на активности за ажурирање на Проценката на загрозеност од сите ризици и опасности на Општина Кривогаштани за 2022 година**

1. Се прогласува Одлуката за отпочнување на активности за ажурирање на Проценката на загрозеност од сите ризици и опасности на Општина Кривогаштани за 2022 година што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 07.03.2023 година.

2. Одлуката за отпочнување на активности за ажурирање на Проценката на загрозеност од сите ризици и опасности на Општина Кривогаштани за 2022 година ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-324/4 Градоначалник на
07.03.2023 год. Општина Кривогаштани
Кривогаштани Николче Мискоски

---

Врз основа на член 22 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.05/2002), член 15 став 1 точка 10 и член 17 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Кривогаштани (“Службен гласник на Општина Кривогаштани” бр.3/11,17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), а согласно член 14 од Уредбата за методологија за изработка на процената на загорозеност на безбедноста на Република Македонија од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определувањето на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од процената (“Службен весник на РМ“ бр. 13/11), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 07.03.2023г. ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за отпочнување на активности за ажурирање на Проценката на загрозеност од сите ризици и опасности на Општина Кривогаштани за 2022 година**

Член 1

Се отпочнува со активности за редовно ажурирање на Процената на загрозеност од сите ризици и опасности на Општина Кривогаштани за 2022 година.

Член 2

Се задолжуваат субјектите од Системот за управување со кризи да извршат анализа на сите опасности кои настанале во претходната година (вид на опасност, поплава, пороен дожд проследен со град и ветер, пожари, епидемии кај луѓето и животните и други опасности, штетите од истите и нивната спремност за одговор на истите), а кои се во нивна надлежност за справување, да извршат ажурирање на ресурсите-човечки и

материјални и истите да ги достават до Регионалниот центар за управување со кризи Прилеп.

Член 3

Регионалниот центар за управување со кризи да изврши обединување на сите анализи од субјектите на Системот за управување со кризи во Општина Кривогаштани и на Советот да му предложи целосен документ за ажурирање на Процената согласно Законот за управување со кризи и Уредбата.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.08-290/5 Претседател на Совет
07.03.2023 година на Општина Кривогаштани
Кривогаштани Горан Новакоски

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/2002) и член 17 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Кривогаштани (,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,, бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 27.02.2023 година донесе:

**ЗАКЛУЧОК**

**за прогласување на Заклучок за усвојување на Извештај од комисијата за попис на средствата, обврските и побарувањата на Општина Кривогаштани за 2022 година**

1. Се прогласува Заклучокот за усвојување на Извештај од комисијата за попис на средствата, обврските и побарувањата на Општина Кривогаштани за 2022 година што Советот на општина Кривогаштани го донесе на седницата одржана на ден 07.03.2023 година.

2. Заклучокот за усвојување на Извештај од комисијата за попис на средствата, обврските и побарувањата на Општина Кривогаштани за 2022 година ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-324/5 Градоначалник на
07.03.2023 год. Општина Кривогаштани
Кривогаштани Николче Мискоски

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија бр. 5/02), и член 17 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Кривогаштани (“Службен гласник на Општина Кривогаштани” бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 07.03.2023 година, донесе:

**ЗАКЛУЧОК**

**за усвојување на Извештај од комисијата за попис на средствата, обврските и побарувањата на Општина Кривогаштани за 2022 година**

1.Советот на Општина Кривогаштани, на седницата одржана на ден 07.03.2023 година го разгледа Извештајот од комисијата за попис на средствата, обврските и побарувањата на Општина Кривогаштани за 2022 година бр.09-286/1 од 01.03.2023 година и донесе Заклучок за негово усвојување.

2.Заклучокот за усвојување на Извештај од комисијата за попис на средствата , обврските и побарувањата на Општина Кривогаштани за 2022 година влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,,.

Бр.08-290/6<br>07.03.2023 год.<br>Кривогаштани

Претседател на Совет на<br>Општина Кривогаштани<br>Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**

**за прогласување на Одлука за донесување на Годишна завршна сметка на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година**

1. Се прогласува Одлуката за донесување на Годишна завршна сметка на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 07.03.2023 година.

2. Одлуката за донесување на Годишна завршна сметка на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-324/6 Градоначалник на
07.03.2023 год. Општина Кривогаштани
Кривогаштани Николче Мискоски

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија бр. 5/02), член 33 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ( „Службен весник на Р.М“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15), член 27 од Закон за сметководство на буџетите и буџетските корисници ( „Службен весник на Р.М“ бр.61/02; 98/02; 81/05; 24/11 и 145/15 ) и член 17 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кривогаштани (“Службен гласник на Општина Кривогаштани” бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 07.03.2023 година, донесе

**ОДЛУКА**

**за донесување на Годишна завршна сметка на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година**

Член 1

Со оваа Одлука се донесува Годишна завршна сметка на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,,.

Бр.08-290/7 Претседател на Совет на
07.03.2023 год. Општина Кривогаштани
Кривогаштани Горан Новакоски

---

ПРИЛОГ: Годишна завршна сметка на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

## ЗАКЛУЧОК

**за прогласување на Заклучок за усвојување на Годишна завршна сметка за 2022 година на ООУ „Јонче Смугрески“ Обршани**

1. Се прогласува Заклучокот за усвојување на Годишна завршна сметка за 2022 година на ООУ „Јонче Смугрески“ Обршани што Советот на општина Кривогаштани го донесе на седницата одржана на ден 07.03.2023 година.

2.Заклучокот за усвојување на Годишна завршна сметка за 2022 година на ООУ „Јонче Смугрески“ Обршани ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-324/7
07.03.2023 год.
Кривогаштани

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ’ бр. 5/2002), член 17 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кривогаштани (’’Службен гласник на Општина Кривогаштани’’бр. бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата што ја одржа на ден 07.03.2023г. донесе:

## З А К Л У Ч О К

**за усвојување на Годишна завршна сметка за 2022 година на ООУ „Јонче Смугрески“ Обршани**

Член 1

Со овој Заклучок се усвојува Годишната завршна сметка за 2022 година на ООУ „Јонче Смугрески“ Обршани.

Член 2

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,,.

Бр.08-290/8
07.03.2023 год.
Кривогаштани

Претседател на Совет на
Општина Кривогаштани
Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства на Јане Петрески од Крушеани**

1. Се прогласува Одлуката за одобрување на финансиски средства на Јане Петрески од Крушеани што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 07.03.2023 година.

2. Одлуката за одобрување на финансиски средства на Јане Петрески од Крушеани ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-324/8
07.03.2023 год.
Кривогаштани

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр 5/2002) и член 17 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Кривогаштани (''Службен гласник на Општина Кривогаштани'' бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 07.03.2023 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за одобрување на финансиски средства на Јане Петрески од Крушеани**

Член 1

Со оваа Одлука се одобруваат финансиски средства на Јане Петрески од Крушеани.

Член 2

Се одобрува Градоначалникот на Општина Кривогаштани, да исплати сума во износ од 5.000 денари од Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година на Јане Петрески од Крушеани.

Член 3

За начинот на реализација на финансиската помош, ќе се донеси посебно Решение.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Кривогаштани''.

Бр.08-290/9
07.03.2023 год.
Кривогаштани

Претседател на Совет на
Општина Кривогаштани
Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства на ФК „Младост,, од Кривогаштани**

1. Се прогласува Одлуката за одобрување на финансиски средства на ФК ,,Младост,, од Кривогаштани што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 07.03.2023 година.

2. Одлуката за одобрување на финансиски средства на ФК ,,Младост,, од Кривогаштани ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-324/9
07.03.2023 год.
Кривогаштани

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр 5/2002) и член 17 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Кривогаштани (''Службен гласник на Општина Кривогаштани'' бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 07.03.2023 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за одобрување на финансиски средства на ФК ,,Младост,, од Кривогаштани**

Член 1

Со оваа Одлука се одобруваат финансиски средства на ФК ,,Младост,, од Кривогаштани.

Член 2

Се одобрува Градоначалникот на Општина Кривогаштани, да исплати сума во износ од 30.000 денари од Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година на ФК ,,Младост,, од Кривогаштани.

Член 3

За начинот на реализација на финансиската помош, ќе се донеси посебно Решение.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Кривогаштани''.

Бр.08-290/10
07.03.2023 год.
Кривогаштани

Претседател на Совет на
Општина Кривогаштани
Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука за давање под закуп на дел од недвижен имот во н.м Кривогаштани, сопственост на Општина Кривогаштани**

1. Се прогласува Одлуката за давање под закуп на дел од недвижен имот во н.м Кривогаштани, сопственост на Општина Кривогаштани што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 07.03.2023 година.

2. Одлука за давање под закуп на дел од недвижен имот во н.м Кривогаштани, сопственост на Општина Кривогаштани ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-324/10
07.03.2023 год.
Кривогаштани

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10, член 64 и член 67 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), член 17 став 1 точка 32 и член 107 од Статутот на Општина Кривогаштани („Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 07.03.20223година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за давање под закуп на дел од недвижен имот во н.м Кривогаштани,**
**сопственост на Општина Кривогаштани**

Член 1

Со оваа Одлука се одлучува да се даде под закуп дел од објект бр.1, намена на зграда В4-8- органи на локалната самоуправа, во приземјето на општинската зграда во н.м Кривогаштани на КП бр.7657 ИЛ 2081 КО Кривогаштани, со површина од 60,46 м2, сопственост на Општина Кривогаштани.

Член 2

Давањето под закуп на недвижниот имот од член 1 од оваа Одлука ќе се изврши по пат на електронско јавно наддавање, согласно закон, со вкупна почетна цена на закупнина која ќе изнесува 0,5% од проценетата вредност на недвижниот имот утврдена согласно Законот за процена.

Член 3

Давањето под закуп на недвижниот имот опишан во член 1 од оваа одлука е за временски период од 5 (пет) години.

Член 4

Со најповолниот понудувач на електронското јавно наддавање ќе се склучи договор во кој детално ќе бидат регулирани правата и обврските на двете договорни страни.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,,.

Бр.08-290/11 Претседател на Совет на
07.03.2023 год. Општина Кривогаштани
Кривогаштани Горан Новакоски

**СОДРЖИНА**
**на акти донесени на 23-та седница на Совет на Општина Кривогаштани одржана на ден 07.03.2023 г. и акти донесени од Градоначалникот на Општина Кривогаштани**

1. Заклучок за прогласување на Годишна програма за дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови на територијата на Општина Кривогаштани за 2023 г.....................................................................................................1

- Годишна програма за дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови на територијата на Општина Кривогаштани за 2023 г......1

2. Заклучок за прогласување на Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Кривогаштани за 2023 година.........................................................................................3

3. Заклучок за прогласување на Одлука за отпочнување на активности за ажурирање на Проценката на загрозеност од сите ризици и опасности на Општина Кривогаштани за 2022 г...3

- Одлука за отпочнување на активности за ажурирање на Проценката на загрозеност од сите ризици и опасности на Општина Кривогаштани за 2022 г..................................................4

4. Заклучок за прогласување на Заклучок за усвојување на Извештај од комисија за попис на средства, побарувања и обврски за 2022 година на Општина Кривогаштани.......5

- Заклучок за усвојување на Извештај од комисија за попис на средства, побарувања и обврски за 2022 година на Општина Кривогаштани..........................................................6

5. Заклучок за прогласување на Одлука за донесување на Годишна завршна сметка на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година.....................................................6

- Одлука за донесување на Годишна завршна сметка на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година.........................................................................................7

6. Заклучок за прогласување на Заклучок за усвојување на Годишна завршна сметка за 2022 година на ООУ ,,Јонче Смугрески,, Оброшани,.........................................................8

- Заклучок за усвојување на Годишна завршна сметка за 2022 година на ООУ ,,Јонче Смугрески,, Обршани....8

7. Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства на Јане Петрески од Крушеани....9

- Одлука за одобрување на финансиски средства на Јане Петрески од Крушеани....9

8. Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства на ФК ,,Младост,, од Кривогаштани....10

- Одлука за одобрување на финансиски средства на ФК ,,Младост,, од Кривогаштани....11

9. Заклучок за прогласување на Одлука за давање под закуп на дел од недвижен имот во н.м. Кривогаштани, сопственост на Општина Кривогаштани....11

- Одлука за давање под закуп на дел од недвижен имот во н.м. Кривогаштани, сопственост на Општина Кривогаштани....12

ПРИЛОГ:- Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Кривогаштани за 2023 година,

- Годишна завршна сметка на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година

**Издава: ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ**
**Уредува:Одделение за правни, општи работи и јавни дејности**
**Тираж: 20 примероци**